## БИЛАТЕРАЛЕН СОСТАНОК ВО ТУРЦИЈА, ЈУЛИ 2015 ГОДИНА

Делегација од Ревизорското тело на Република Македонија учествуваше на билатерален состанок со менаџментот и ревизорите од Ревизорското тело надлежно за ревизија на ЕУ-ИПА средства во Република Турција, како дел од соработката за споделување искуства од аспект на ревизија на ИПА, добиените препораки од соодветните директорати на Европската Комисија, како и во поглед на предизвиците на ИПА II и нивното влијание врз надлежностите на ревизорските тела.  Беше дискутирано и за отворени прашања од заеднички интерес за двете ревизорски тела на нашите две земји - кандидати за членство во Европската Унија.